**СОДРЖИНА** 1

**БИБЛИОТЕКАТА - ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА** 3

ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА - *Јелена Петровска* -----3
ПРОМЕНА НА НАЗИВОТ ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА *Ленче Андоновска*-----5
БИБЛИОТЕКАТА ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА-----6
-ПРЕЗЕНТАЦИИ
-РУСКИОТ АМБАСАДОР ВО ПОСЕТА НА НАШАТА БИБЛИОТЕКА
-НАУЧНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА БАЈКАЛСКОТО ЕЗЕРО
-ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКОТО ДРУШТВО НА ПРИЈАТЕЛСТВО "МАРКО МАРУЛИЌ"
РАКОВОДЕЊЕТО НЕКОГАШ И ДЕНЕС - ОД СЕЌАВАЊАТА НА СТОЈКО СТОЈКОВСКИ- *Разговорот го водеше Николче Вељановски*-----8
КУЛТУРЕН НАСТАН ... ДВЕ ПРОМОЦИИ ЗА ВЛАДИМИР КОСТОВ-----11
РАЗГОВОР СО ВЛАДИМИР КОСТОВ - *Николче Вељановски*-----13
АВТОРИТЕ КОН "ПЕРСОНАЛНАТА БИБЛИОГРАФИЈА ЗА ВЛАДИМИР КОСТОВ" -----16
БИБЛИОГРАФИЈА КАКО ИСТОРИЈА НА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ВЛАДИМИР КОСТОВ- *Панде Манојлов*-----18

**БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ**
**ОД ОДДЕЛОТ ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ**-----20

БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ-----20
ОСВРТ КОН РОМАНОТ "ДЕВОЈКАТА СО ПОРТОКАЛИ" ОД ЈУСТЕЈН ГОРДЕР -*Приредил Илче Стојановски*-----20
ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ-----21

**ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА**
ИЗЛОЖБИ, ПРОМОЦИИ, ПРЕДАВАЊА- *Приредил Драги Кабровски*-----21
ЗА ПРВПАТ ВО БИТОЛА САЕМ НА КНИГАТА - *Приредил Ричард Иванишевиќ*-----24
ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ ПРИ МУБ -----26
БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ
БИБЛИОТЕКАТА - ХРАМ НА ДЕТСКАТА ЉУБОВ-----27

**ИНТЕРВЈУ**-----27
ПОВОД ЗА СРЕДБА СО КИРИЛ ТЕМКОВ - *Разговорот го водеа Николче Вељановски и Јелена Петровска*-----27
СВЕТСКИ ЈУБИЛЕЈ: Франческо Петрарка (1304-1374)
"КАНЦОНИЕРОТ" - *Легендата за Лаура- Приредил Ричард Иванишевиќ*----- 31

**КУЛТУРА ... БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ**-----32

**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**

**СПИСАНИЕ НА НУУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

**Издавач**
Матична и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" Битола
ул. Ленинова 39

**За издавачот**: в.д. директор Јелена Петровска

**Издавачки совет:**
**-претседател** д-р Николче Вељановски, библиотекар советник
Јоланда Бошевска, виш библиотекар
Ричард Иванишевиќ, виш библиотекар и критичар
Гордана Марковска

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски, главен и одговорен уредник
Ричард Иванишевиќ
Илче Стојановски

**Лектура и коректура:** д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска

**Фотографии:** Трајан Чагорски

**Дизајн на корица:** Гордана Пешевска

**Компјутерска обработка и печат:** Херакли Комерц- Битола

**Тираж:** 300 примероци

**ISSN:** 1409-9497

*Списанието е во целост спонзорирано од Министерството за култура*

## ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА



*Јелена Петровска*
в.д. директор

Во подобрувањето на организациската поставеност голема улога има спроведувањето на организациската култура во библиотеката како важен сегмент во нејзината работа. Имено визијата за она што значи информативен библиотечен систем можеше да стане реалност единствено со добра организација и пред сé организиран раководител.

Едно е известно дека нема организациски промени без промени кај индвидуата па така секој добар раководител треба да е и визионер и да ги обединува задоволувањето на индивидуалните потреби на следбениците со остварувањето на визијата. Тоа би значело дека основните постулати на образованието во Македонија треба да бидат имплементирани во работата на секоја библиотека поодделно. Секако, дека и менаџерскиот стил допринесува за подобро водење на библиотеката, а со самото тоа и експлицитно влијае и на развојот на образовните содржини во библиотеката. Она што секој добар библиотечен лидер го дели од другите е храброста да ја прифати промената и истата да ја искористи за унапредување во својата струка и институција. Она што е двигател на секоја успешна институција било да е таа од областа на културата или образованието е свесноста на нејзиниот лидер т.е. раководител и длабокото чувство на припадност и посветеност кон институцијата. Раководителот треба да ги мотивира и "зарази" вработените со својот ентузијазам, доследност и целосна посветеност во работата.

Ефективниот библиотечен раководител живее според највисоките стандарди на чесност и заедништво. Тој не треба да врши премногу притисок на вработените и да поставува нереални цели. Многу истражувања покажуваат дека вработените сакаат да веруваат во чесноста на нивниот водач.

Добриот раководител треба секогаш да го информира персоналот и да комуницира со него отворено и со задоволство.

Треба да инсистира на совршенство или како е тоа претставено во литературата, совршенството се постигнува:

* со опседнатост за достигања од висок квалитет,
* преку препознавање и создавање "херои" од редот на вработените кои постигнуваат резултати со исклучителен квалитет,
* избегнување на основните причини за лош квалитет.

Ефективниот библиотечен раководител треба постојано да биде пример што другите треба да го следат. Мошне е важно тој никогаш да не се поставува над своите службеници, освен во преземањето на одговорностите и ризикот. Исто така тој не треба да мисли да е секогаш во право туку да го почитува и наслушува пулсирањето на библиотеката.

Одговорноста како морална категорија ги дели добрите раководители од лошите. Се работи за одговорноста во раководењето како и барање на спроведување и одговорноста на вработените. Тука раководењето мора да покаже моќ

доколку е таа заснована на правилни и јасни оценки од страната на менаџерството.

Моралот и продуктивноста се најважни елементи во една работна средина, па затоа ефективниот водач е во средиштето на вниманието и му верува на персоналот. Треба посебно да се нагласи дека вербата е она што емотивно ги поврзува водачите и нивните следбеници заедно. Заемната доверба и почит е клучот на ефективноста.

Ефективниот раководител е определен, одлучен, решителен и храбар , подготвен да преземе ризик. Тука е важно да напомeнеме дека донесувањето добра одлука е основен елемент на доброто раководење во една институција.

Како карактеристика на доброто менаџирање е и изразено чувството за битност и ургентност во работењето. Тука се работи за новите пристапи потребни за да се надмине стереотипот во работењето како и постојаната потреба за менување и освежување во работењето.

Доброто раководење непосредно зависи од времето. Со обзир дека не може да се надокнади многу е битно раководителите да не се оптоваруваат со неважни работи, туку да се определат за развој на институцијата во иднина со јасно определени цели. Тука, пред сé, се мисли на остварување на образовните и воспитните цели на библиотечното работење.

Делегирањето и тимската работа се исто така мошне влијателни фактори кога зборуваме за успешноста на еден раководител.

За успешно делегирање или пренесување на овластувањата на пониските менаџмент потребно е обезбедување на соодветна клима за работа во што се вклучени две клучни барања и тоа: заемна доверба и поддршка. Делегирањето е потребно, пред сé, да се поштеди раководителот од губење на енергија заради непотребни грижи, да не се губи времето, да се биде редовен на работа и да се планира секоја минута на персоналот.

Што се однесува на тимската работа секако дека ни еден успешен менаџер не може да се замисли без својот тим. За тимот се напишани илјадници трудови кои укажуваат на неговото значење во зголемувањето на ефикасноста во работењето. Стручниот тим во НУУБ "Св. Климент Охридски" ги остварува и спроведува сите работни и оперативни функции во институцијата и се грижи за доследно спроведување на образовните и други цели во библиотечното работење. Лојалноста на персоналот, е исто така претпоставка за добар раководител кој успешно ќе ја води својата институција. Ефективниот водач секогаш му стои на располагање на персоналот и е подготвен да го сослуша секој вработен со што му дава значење на секоја работа како дел од целината.

Наведени се многу карактеристики и мерки за добро раководење, но секако дека една од најбитните е перманентната едукација и самообразование на раководниот кадар како неопходен услов за имплементирање на квалитетните образовни содржини во библиотеките и доследно спроведување на образовните цели на истата.

Професионално усовршување или стекнување професионално мајсторство е фаза во професионалниот развој која се состои, пред сé, во самостојно и организирано усвојување на менаџерските знаења и вештини со цел постигнување на совршенството во своето работење преку разни форми какви што се разни советувања, семинари, размена на искуства и стручно користење на релевантната литература.

# ПРОМЕНА НА НАЗИВОТ ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА



*Ленче Андоновска*

Во своето 59 годишно постоење Библиотеката повеќе пати го менувала своето име и функциите кои ги извршувала.

Основана е на 25.03.1945 година со решение на Градскиот народен одбор со името: Градска народна библиотека и го означи почетокот на воспоставување на нови современи односи во библиотекарството во Битола, значајно за сестраниот развој на Република Македонија.

Од 01.04.1954 година со одлука на Друштвото на библиотекари - Скопје, нашата Библиотека беше прогласена за македонски депозит што овозможи скромниот книжен фонд постојано да се збогатува. Депозитната улога на оваа библиотека е потврдена и со најновиот Закон за задолжителен примерок (Службен весник на Р.М.бр.11/94).

Во 1960 година донесен е првиот Закон за библиотеките во СР Македонија што и овозможи на оваа библиотека да прерасне во Матична библиотека.

Од 1980 година нашата библиотека го доби називот Матична и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Битола, веднаш по основањето на Универзитетот"Св.Климент Охридски" - Битола.

Последната извршена промена се заснова на Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата бр.22-5574/1 од 22.12.2003 година донесена од Владата на Република Македонија

Со наведената Одлука на Матичната и универзитетска библиотека"Св. Климент Охридски" - Битола, $ се преземаат основачките права на установата и се утврдува како национална установа, односно продолжува со работа како НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - УНИВЕРЗИТЕТСКАБИБЛИОТЕКА "СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА.

Постапувајќи според Законот за култура на Р.М. (Службен весник на РМ бр.31/98 и 49/03) и упатставата кои ги добивавме од Министерството за култура на Р. Македонија се направи усогласување со наведениот Закон за култура и понатаму продолжува со работа како национална установа.

Се изготви и се донесе нов Статут на установата за кој е добиена согласност од Министерството за култура, кој понатаму не обврза да ги донесеме општите акти во определениот рок предвиден во Статутот.

Од **07.06.2004** година, со Решение на Основниот суд во Битола, се изврши пререгистрација на установата. Се извршија сите потребни промени кои произлегоа од самата пререгистрација.

Определувањето на МУБ како национална установа претставува голема чест за нас, но воедно и голема обврска за тоа понатаму. Се надеваме дека достојно ќе ја презентираме културата и ќе се грижиме за остварување на националниот интерес на културата во Р. Македонија.

## БИБЛИОТЕКАТА ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

### ПРЕЗЕНТАЦИИ:

На **15 јануари** во читалната на Француската алијанса во МУБ, пред вработените на Библиотеката се одржаа две предавања - видео претставувања. В.д директорката **г-ѓа Јелена Петровска** ги презентираше искуствата од посетата на главната библиотека Хауптбухерај во Виена, Австрија, Универзитетската библиотека во Марибор и Градската библиотека "Марко Марулиќ" -Сплит.





Систем библиотекарот и библиотекар-советник **д-р Николче Вељановски** го презентираше своето искуство од Одделот за позајмување при **главната библиотека на Универзитетот на Торонто Џон П. Робартс.** При еднонеделната посета на оваа библиотека при крајот на септември 2003 година, тој ги посети и Одделите: Каталогизација на монографски и сериски публикации, Дигитализација, Компјутерскиот центар и сл. Тој имаше средби со библиотекари и професори во врска со факултетот за информациски и библиотечни науки при истоимениот Универзитет. Подготвени се и видео-презентации од горespоменатите оддели.

### РУСКИОТ АМБАСАДОР ВО ПОСЕТА НА НАШАТА БИБЛИОТЕКА





На **24 мај** после посетата на Почесниот конзулат на Руската Федерација во Битола, рускиот амбасадор, неговата екселенција Агарон Асатур во придружба на својата делегација и почесниот конзул на РФ во Битола, г-ѓата Даринка Крстановска ја посетија

нашата библиотека. В.д. директорката г-ѓа Јелена Петровска при кратката посета им поклони комплет книги од македонската литература и им ја претстави Библиотеката.



## НАУЧНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА БАЈКАЛСКОТО ЕЗЕРО



На **26 мај** МУБ во соработка со Македонското научно друштво од Битола организираја научно предавање на тема: **"Паразити во рибите од Бајкалското езеро"** од д-р Олга Тимофеевна - Русинек од Лимнолошки институт при Сибирското одделение на Руската акдемија на науките, Русија - Иркуцк.

## ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКОТО ДРУШТВО НА ПРИЈАТЕЛСТВО "МАРКО МАРУЛИЌ"

На **23 април** Македонско-Хрватското друштво на пријателство "Марко Марулиќ" во соработка со Здружението на хрватите од Битола, покрај другите свои активности по повод "Денови на Хрватската култура", организираа Изложба на книги со хрватска литература преведена на македонски јазик и книги на хрватски јазик. По овој повод беше поканета нашата библиотека како постојан нивни соработник.





*Приредил Николче Вељановски*

## РАКОВОДЕЊЕТО НЕКОГАШ И ДЕНЕС



### ОД СЕЌАВАЊАТА НА СТОЈКО СТОЈКОВСКИ

**Вашиот работен стаж е многу интересен. Каде и што работевте пред да дојдете за директор на Библиотеката?**

-На почетокот работев како професор по македонски јазик и литература во Учителската школа и Гимназијата "Браќа Миладиновци". Извесно време бев и помошник директор, а потоа бев примен на конкурс и работев како педагошки советник во Заводот за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитание кое ги покриваше општините Битола, Ресен, Демир Хисар и Крушево. Во тоа време се занимавав и со научно - истражувачка работа и објавив повеќе стручни и научни трудови од областа на образованието и културата.

**Кога станавте директор на тогаш Матичната библиотека "Климент Охридски"?**

-Пролетта 1977 година се пријавив на објавениот конкурс и меѓу седумте кандидати јас бев избран од Работничкиот совет и Собранието на Општина Битола за директор на МУБ. Непосредно по формирањето на Универзитетот во Битола, Библиотеката, покрај својата матична функција, ја доби и својата универзитетска функција. Тогаш ги забрзав работите за завршување на новото крило од 1500 м2 и за многу кусо време со помош на секретарот на Општината Ристо Ѓорѓиевски успеавме да добиеме дополнителни наменски материјални средства и да го довршиме новиот дел со кој добивме 2.500 м2 современо обликуван библиотечен простор. Со завршувањето на новоизградениот дел можевме да обезбедиме непречено извршување на проширената дејност, односно универзитетската функција на Библиотеката. Во 1980 година, Библиотеката премина во Матична и универзитетска библиотека.



**Кажете ни нешто за првиот период од Вашата работа во Библиотеката, посебно за периодот на доопремувањето и преселувањето на книжниот фонд во новоизградениот дел.**

-Откако добивме дополнителни средства, успеавме да го доопремиме новиот дел на Библиотеката, да примиме и оспособиме нов библиотечен кадар и да направиме нова систематизација по углед на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" -Скопје. Тогаш се дооформија постоечките оддели и се формираа нови оддели, како што е Одделот за посебни книжни фондови во кој што покрај Роднокрајниот

оддел се формираа и: Одделот роднокрајна библиографија и Одделот туѓа литература кои што функционираат и денес. Во 1982 година беше пренесен целиот книжен фонд од монографските публикации од стариот во новиот дел, при што Одделот за позајмување и услуга на возрасни во целост беше преместен во новото крило. При преселувањето на книгите помагаа учениците од денешната Гимназија "Таки Даскало". Преселувањето траеше една недела. Потоа преминавме кон збогатување на книжниот фонд со стручна и друг вид литература за задоволување на се пообемните барања на студентите и наставно-научниот кадар на Универзитетот. Во новиот дел беа изградени читални за индивидуална и научно-истражувачка работа. Во издание на Библиотеката и Друштвото за наука и уметност - Битола излезе "Прегледот на докторски и магистерски трудови (1955-1990)".





Беше воведено и ново гласило за популаризација на книжниот фонд, Информативниот билтен, кој се однесуваше не само на Одделите за позајмување за возрасни и деца туку и за Роднокрајниот оддел и Одделот за туѓа литература. Исто така, во Одделот Роднокрајна библиографија се започна со изготвување на првата свеска од библиографијата за Битолски весник.

**Во Ваше време најголем дел од вработувањата беа преку распределба од Заводот за вработување?**

-Немавме многу избор за примање на соодветен кадар во Библиотеката. Ги вработувавме сите кои ни ги праќаше Заводот за вработување. Сепак, повеќето беа високообразовани кадри кои добро ни дојдоа при екипирањето на кадарот во пополнувањето на предвидените работни места.

Токму тогаш беа ставени цврсти темели врз кои се развиваше, растеше и се осовременуваше работата на Библиотеката при што беше започната компјутеризацијата и автоматизацијата на библиотечните процеси уште во 1990 година.

**Како ги доживувавте тие промени кои се наметнаа со автоматизацијата и што значеа тие за Библиотеката?**

-Преку еден терминал поврзан во мрежата ЈУПАК, Министерството за информации и развој на Југославија ни овозможи да влеземе заедно со НУБ - Скопје меѓу 15-те корисници на СНТИЈ (Системот на научно-технички информации на Југославија). Се разбира во почетните години имавме и проблеми со комуникациите затоа што нашиот терминал, односно нашата локална база зависеше од комуникациските линии кои

одеа преку НУБ - Скопје. Тие линии беа често прекинувани. Сепак, вработените имаа можност да ја видат својата подготвеност во прифаќањето на новото во нивната работа. Се разбира, не сите вработени можеа така лесно да се помират и без стрес да го прифатат новиот начин на работење. Постепено, но сигурно одевме во чекор со трендовите во библиотекарството кои ни се наметнуваа.



**Со какви проблеми се сретнувавте во текот на работењето?**

-На патот имаше и многу препреки: немање на материјални средства, отпори и инертност на поединци кои се китеа со лажни ловорики и не така лесно го прифаќаа новото и современото. Но, под силниот налет на модерната технологија Библиотеката си го пробиваше својот пат.



**Каква соработката и дружењето на библиотекарите со другите библиотеки?**

-Веднаш по моето доаѓање во Библиотеката ја продлабочивме и проширивме соработката не само со библиотеките во Македонија, туку и со повеќе развиени библиотеки од поранешните југословенски простори. Разменувавме стручна и друг вид литература преку пошта со таканаречената "меѓубиблиотечна позајмица".

Преку обновеното Друштво на библиотекарите на Битола, чиј претседател бев јас, се поврзавме со Сојузите на библиотекарите на Македонија и Југославија. Се одржуваа бројни семинари и советувања на кои со свои трудови учествуваа и библиотекари од нашата библиотека, а имавме можност и да се запознаваме со најновите достигнувања во оваа област и да се оспособуваме во практичната примена на светските искуства.

**Секако дека имавте и поведри моменти, меѓубиблиотечни средби и дружења?**

-Да. Го имавме и едното и другото. Бевме пресреќни кога пред нас се отвораше нов видик на хоризонтот и освојување на поуниверзални вредности кои ги надминуваа тесноградите и егоистични интереси на групи и поединци. Секогаш на преден план беше нематеријалното, туку општественото, духовното и возвишеното. Сé да се даде од себе за напредок на родната грутка и нејзино вклучување во современите напредни текови.

Се дружевме. Одевме на саеми во Белград каде ја посетивме и Националната библиотека на Србија. Имавме другарски вечери во Јагодина, Аранѓеловац, Ваљево, како и Пожаревац кој е збратимен град со Битола. Исто така, ние на изложбата во Пожаревац го

подаривме нашиот изложбен фонд.

**Бевте директор на Библиотеката четири мандати по четири години после што заминавте во пензија. Повеќе од десет години сте во пензија. Чест посетител сте на промоциите во Библиотеката. Како воопшто ја доживувате работата во Библиотеката?**

-И покрај тоа, што сум во пензија, не мирувам. Тоа не е својствено на мојата природа. Ги преточувам своите емоции и доживувања во убавиот поетски збор.



Имам објавено Монографија за родниот крај и три стихозбирки. Подготвени ми се уште две збирки со рефлексивна лирика. Пишувам и друго, но за тоа во друга прилика. Моја најголема желба е, да ја гледам и да се радувам на растежот на Библиотеката и нејзината поширока афирмација сега и секогаш... .

*Разговорот го водеше*
*Николче Вељановски*

## КУЛТУРЕН НАСТАН ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА - УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

## ДВЕ ПРОМОЦИИ ЗА ВЛАДИМИР КОСТОВ



*Приредил Ричард Иванишевиќ*

Светскиот ден на книгата 23 Април, годинава, во битолскиот храм на книгата "Св. Климент Охридски", величествено беше одбележан со промовирањето на Персоналната библиографија за Владимир Костов и промоцијата на комплетот од шест книги - избор од осум дела на врвниот македонски еминентен, но и меѓународно реномиран прозен естета.



Библиографијата е работена студиозно еден подолг период. Во оваа специфична, трајна и темелна либропубликација се наоѓаат низа привлечни доку-



ментирани прилози полезни за читателите, библиофилите, литературните критичари, книжевни истражувачи и хроничари, аналитичари и антологичари на современата македонска проза. Делото на трите виши библиотекари: Цветанка Дамјановска, Ленче Секуловска и Јоланда Бошевска, содржи 589 библиографски единици и регистри (71 страна), статии, прилози и фотокопии (57 страни). Творештвото на писателот Владимир Костов е прикажано хронолошки според книжевниот корпус што го создава од неговите почетоци до денес.





Комплетот - Избор дела на Владимир Костов е финансиран од Министерството за култура на Р. Македонија, а негов издавач е Pro Littera при "Југореклам" - Скопје. Промотор беше истакнатиот естетичар, академик проф. Д-р Георги Старделов, кој со години нананзад е импресиониран од литературниот дар на македонскиот книжевен импресарио.

Владимир Костов е престижен писател во сите жанрови - романописец, раскажувач, новелист. Целиот импозантен литературен опус е превезен со страсна прозна поетика и есеистика, волшебна лирска естетика и филозофска харизма кон универзалните духовни хоризонти. Виртуозниот прозаист Владимир Костов одамна е меѓу македонската прозна плејада: по имагинацијата, стилот, мотивите, темите и идеите, како емоциите на антички класичниот, монашки, летописен, ренесансен, модерен и постмодерен, совршен версификатор, метафоричар и мислител, чие дело го чини бесмртен.






Во холот на Библиотеката беше поставена и поставка од фотографии и периодични извадоци од осврти, огледи и интервјуа, посветени на антологискиот книжевник кои исто така, се вградени како специјален додаток во Персоналната библиографија. Исто така, приредена е и ретроспектива на импресивниот број книги кои доживувале и по неколку изданија, зашто во нив царува бесконечен репертоар на ликови и настани, напишани и опишани во реализам, хипнотичен надреализам, современ романтизам - бескраен журнал на бележити состојби, судбини, тајни пораки на писателскиот Бард - Владимир Костов.





## РАЗГОВОР СО



## ВЛАДИМИР КОСТОВ

**Кога и каде сте родени што работевте и кои се вашите книжевни почетоци? Кој Ви бил инспирација за да почните да се бавите со пишување?**

-Роден сум во Битола на 22.9.1932 година. Основно и гимназиско образование завршив во родниот град. По дипломирањето на Филозофскиот факултет во Скопје (Група Југословенска книжевност) и по отслужувањето на воениот рок, се вработив како професор во средното ветеринарно училиште во Битола. Со основањето на Педагошката академија во Битола, бев избран во таа високошколска установа како професор на катедрата по македонски јазик. На таа професионална должност пред десетина години бев пензиониран.

Што се однесува до моите книжевни почетоци, тие се поврзани со баба ми по мајка која беше не само непресушен извор на приказни, туку и многу вешт интерпретатор. Од неа, воведен во волшебниот свет на приказните, и кај мене уште од најрана возраст се јави желба и јас да измислувам приказни, односно да фабулирам. Подоцна, кога како ученик во првите одделенија од основното училиште се обидов тие фабулирани конструкции да ги ставам на хар-

тија, се појавија тешкотии зашто се покажа дека едно е да се измислува, а друго на измисленото да му се даде писмена форма. Прашањето околу содржината и формата на уметничкото дело е клучно прашање со кое се занимава теоријата на литературата. За застапниците на тезата дека литературното дело го определува содржината (идејата) важно е што е во него напишано. Од приказните на баба ми јас брзо сфатив дека важно е што тие кажуваат, а подоцна од начинот на кој таа ја интерпретираше нивната содржина сфатив дека е важно и како е тоа кажано. Дури во позрели творечки години се судрив и со прашањето зошто: зошто баба ми ми ги кажуваше прикаските, зошто едно уметничко дело се создава? Сфатив дека, покрај естетската и моралната компонента го определува едно сериозно напишано литературно дело. Античките филозофи тоа го определија со помош на **калокаготија** (убава добрина).

**Колкав е Вашиот книжевен опус и дали можеме да го поделиме по жанрови или етапи (периоди)?**

-Бидејќи во моите дела содржинската компонента не е исклучена, сум создал бројни дела во сите видови на прозата (пет-шеснаесет романи, десетина збирки раскази и новели, а и повеќе книги за деца и младина) без притоа да ја запоставувам формата, нешто што од своја страна наметна и жанровска разновидност. Таа жанровска, а и стилска поливалентност може да се констатира меѓу корисниците на кое било мое дело, без притоа да се добие впечаток дека се нарушува неговиот интегритет. Тоа е причината некои мои форми да се доживуваат како литературни егзибициии и бравури, но - тоа го потенцирам - без запоставување на содржинската компонента со хуманистичка порака. Од некои критичари (Ѓурчинов) мојата литература во формална смисла е наречена хибридна.





**Кажете ни нешто за вашиот роман. Дали се Вашите теми најчесто врзани за Битола и кои се тие? Во "Црквичето четриесет маченици" и "Битолскиот триод" Вие го потенцирате или споредувате религиозното и религијата. Во колкава мера мислите дека сте го опфатиле духот на македонскиот христијанин и во која мера сте го пренесле Вашето лично гледање на духовното?**

-Мојата главна преокупација е романот. Сите карактеристики на моите литературни обиди, за кои претходно зборував, најповеќе доаѓаат до израз во моите романи (можеби најмногу во "Учителот", "Битолски триод", "Вујко" и "Грешка") Точно е тоа дека моето литературно творештво се врзува за Битола, но Битола сфатена не како географска регија, а како историско-етнички идентитет. Литературниот критичар и естетичар, академикот Георги Старделов своевремено среде нашата литературна јавност ја истакна паролата: "Антеј бара почва",

потсетувајќи на античкиот јунак кој бил во борбите непобедлив сé додека се потпирал на земјата чија божица била мајка му Геја. Со тој мит тој алудираше на појавата некои наши писатели (пред сé поети) да прекинуваат со националната традиција во книжевноста и да ги избегнуваат националните теми, како и социјалните и моралните проблеми.



Што се однесува до мене, како роден битолчанец, јас не можев да најдам подобра почва за приземјување од Битола со оглед на тоа што овој град бил важно средиште на исклучителни настани од македонската политичка и културна историја, силен економски центар, а освен тоа и космополитски град кој овозможуваше вкрстување на разни култури што од своја страна веројатно ја предизвика и појавата на хибридност на моето творештво.

А што се однесува до нашата уметничка традиција која, како што реков, неделива е од етичката, таа своите корени ги има во христијанството. И воопшто, целокупното европско уметничко творештво својата инспирација ја наоѓа во христијанството. Јас сум задоен со неговиот дух уште од најраното детство преку мајка ми која (буквално) почина со Библијата в раце. Литаратурата така и ја сфаќам: Дијалог со Бог не само како создател туку и како основно морално начело. Меѓутоа, сфаќајќи го моето творештво како општење со Бога, не значи дека го сведувам на молитва. Често со Него сум во спор. Кај некои писатели и филозофи (кај Ниче) тој спор преминува во конфликт со трагични последици по човекот - по губење на неговата духовност, а со прифаќањето на хедонизмот како нејзин сурогат, и до негово демонизирање и анимализирање.

**Кажете ни нешто за драмите. Кога и каде се изведувани?**

-Мојот роман "Свадбата на Мара" и новелата "Грешниот Захарија" се драматизирани и режирани од Љубиша Георгиевски во Битолскиот театар. И двете драматизации со забележан успех беа прикажани на театарските фестивали во Сараево, во Нови Сад и на Дубровничките летни игри. Бидејќи се здоби со голема популарност, претставата "Свадбата на Мара" беше прикажана и на многу сцени во поранешна Југославија, а претставата "Грешниот Захарија", во телевизиска адаптација, беше емитувана и на општо-југословенскиот телевизиски канал. Претставата според романот "Црквичето четириесет маченици во Битола", кој го драматизирав во соработка со Љупчо Ѓоргиевски, и во негова режија, исто така, со забележан успех се играше на битолската сцена, а беше прикажана во официјална конкуренција и на театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински" во Прилеп.



**Дали сте добитник на награди и која Ви била најдрага награда?**

-Во два наврати сум ја добил

битолската награда "4 Ноември". Исто така, добитник сум и на републичките награди: "1 Мај" за романот "Свадбата на Мара", наградата "11 Октомври" за романот "Црквичето четириесет маченици", наградата "Рациново признание" за романот "Битолска хроника", "Ванчо Николески" за романот за млади "Солза за Мите".

Добитник сум и на наградата на просветните работници на Република Македонија за целокупното мое литаратурно творештво. Добитник сум и на наградата за адаптација на "Црквичето" при фестивалот "Војдан Чернодрински". Секако, најдрага ми е наградата "Рациново признание" зашто кај нас е најпрестижна награда за прозно остварување.

**За кое Ваше дело лично сметате дека го достигнало врвот на Вашата писателска и творечка дејност? Кое дело Ви е воопшто најдраго и дали има такво?**

-Романот "Учителот" е моето најкомплексно дело во кое моето писателско кредо најадекватно дошло до израз. "Црквичето четириесет маченици во Битола" е моето најпопуларно дело. А романот "Битолски триод" ми е најдраго дело. (Не помалку и романот "Грешка").

**Според Вас дали имаме надежни писатели во Македонија и дали биможеле да издвоите некој кој заслужува да биде меѓу најдобрите европски писатели и пошироко? Дали има некои надежни писатели - жени?**

-Има повеќе такви, но поради тесното јазично подрачје што оневозможува поширока фреквенција на нашиот јазик во меѓународни релации, тие се маргинализирани. Би го издвоил Георги Старделов во естетиката и Ферид Мухиќ во филозофската есеистика. Иако од најмладата генерација, меѓународна афирмација заслужуваат и веќе добиваат Венко Андоновски и Гоце Смилевски. Меѓу жените со своите културолошки студии и есеи се истакнува Елизабета Шелева, а во уметничкото творештво Оливера Ќорвезироска.

**После толку долг писателски стаж дали сметате дека има нешто кое сé уште не сте го постигнале во книжевноста, односно во пишувањето?**

-Кус е еден животен век од седумдесет години за еден писател креативно да се исцрпи. Многумина од "кусовеките", како што Олимписките богови ги нарекуваа луѓето кај Есхил, заминуваат недоискажани.

**На што работите во моментот?**

-Реков дека романот "Учителот" е моето најкомплексно дело. Незадоволен од првата верзија, по неколку години од неговото објавување, направив втора верзија. Но и од неа не бев задоволен, така што сега работам на неговата трета верзија. Кога ми се дава можност за преобјавување на некоја моја книга, редовно интервенирам во неа. "Совршенство или смрт" - беше рекол Григор Прличев.

*Разговорот го водеше*
*Николче Вељановски*

## АВТОРИТЕ КОН "ПЕРСОНАЛНАТА БИБЛИОГРАФИЈА ЗА ВЛАДИМИР КОСТОВ"







*Цветанка Дамјановска*
*Лена Секуловска*
*Јоланда Бошевска*

Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"-Битола, отпочна со изготвување на персонални библиографии за познати роднокрајни автори од нашиот град, со

наслов "Едиција Познати личности".
Во македонската литература Владимир Костов влезе тивко но сигурно, предочувајќи го својот несомнен раскажувачки талент и творечки сензибилитет.
Како еден од најплодните македонски прозаисти, целиот свој творечки опус го посвети на градот Битола, а со тоа остави трајни вредности.

Го освои вниманието на читателите, ги плени нивните срца со своето интелектуално љубопиство постојано насочувајќи се кон судбините на малите луѓе, настаните и местата каде се случувале важни сведоштва од секојдневието, препознатливи споменици на градот Битола низ вековите.

Идејата да се зафатиме со изготвување на персонална библиографија на Владимир Костов произлезе од прославувањето на неговиот јубилеј 70 години живот и плодно творештво. Со изготвувањето на овој биобиблиографски профил сметавме дека секоја генерација како обврска во духот на заложбите што ги бележи историјата, настаните и личности на своето време, не само да ги оттргне од заборавот туку на идните поколенија да им остави сведоштва, како поука и порака, како доказ и показ за еден значаен изминат пат.



Во Библиографијата се вклучени монографски публикации, статии и прилози, библиографски единици за




животот и творештвото на Владимир Костов, сведоштва за неговото дело и значење, како и застапеноста во македонската уметничка литература. Статиите и прилозите се ексцерпирани од македонските, југословенските и некои странски периодични и сериски публикации , како и монографски публикации и ракописи од авторот застапени во фондовите на МУБ "Св. Климент Охридски"- Битола.
Библиографијата има селективен карактер. Обработена е релевантна граѓа истражена во македонските и странски списанија: Битолски весник, Нова Македонија, Вечер, Дневник, Утрински весник, Наше писмо, Просветен работник и др. Застапените единици се библиографски обработени "де визу" според ИСБД (Меѓународен стандарден библиографски опис). Истите се азбучно подредени според

презимето и името на авторот, или според насловот, доколку нема автор. Класификацијата на библиографските единици е направена според постоечкиот УДК (Универзална децимална класификација) систем.

Библиографијата содржи Регистар на наслови, Регистар на автори, како и посебно пагиниран прилог - фотокопии од статии и прилози.

Регистарот на автори содржи имиња на лица коишто учествувале во создавање на содржините на вклучената библиографска граѓа, како и имиња на автори цитирани во библиографската забелешка. Регистарот е подреден азбучно, застапени се сите форми на имиња кои се упатуваат на единствената именска определница.

Регистарот на наслови ги содржи сите главни стварни наслови на библиографските единици и, исто така, е подреден азбучно.

Регистарот на изворници содржи главен стварен наслов, поднаслов, во колку го има и календарска година на сериската и монографската публикација. Истиот е подреден азбучно.

Изразуваме благодарност и почит кон авторот кој сесрдно ни помогна околу истражувањето и коплетирањето на податоците.

Во текот на изготвувањето на библиографијата користени се искуствата од Одделот библиографии при НУУБ "Св.Климент Охридски"-Скопје и несебичната помош на Елизабета Стоименова, виш библиотекар.

## БИБЛИОГРАФИЈА КАКО ИСТОРИЈА НА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ВЛАДИМИР КОСТОВ

Прозорците на храмот на книгата архитектот на најсветото во духовноста го конструирал така, не да гледаат кон страните на светот, туку во душата на вљубените и возљубените во тајните скриени меѓу две корици на божицата - Книга.

Божицата книга е таен дом на душата, на животот, на радоста, на светлината. Таа е симбол на верата, надежта и љубовта. Таа го открива духот на авторот во моментите на создавањето, историската точка на битисувањето, ги поставува прашањата за убавото и грдото, ги дава одговорите за непознатото... А непознатото е универзум во човековата мисла во кое божицата Книга треба допрва да броди.

Последиците од гревот на човечкиот род се на оние што не читаат. Анатемата - на оние што не ја сакаат книгата! Светскиот ден на книгата 23 Април, ако во светот се поврзува со Шпанија и Каталонија со Сервантес и Шекспир, во Битола тој го поврзувам со името на еден



од најголемите и најплодни македонски прозаисти - писателот Владимир Костов.

Писателот кој во македонската книжевна архитектура ја втемели Битола и битолчаните, возвишувајќи ги со сите свои маани и доблести, крунисани со симболите на моралот и моралното како македонското верују, распнати меѓу земното и приземното од една страна и возвишеното од друга страна. Ако книгата е Божица, книжевното дело на Владимир Костов е и ќе остане покрај Светата Библија, свето писмо за овој град и неговите жители. Читајќи ги неговите

раскази, неговите романи, душата доживува вознес: легендите стануваат стварност, стварноста се преточува во легенда.

Владимир Костов покрај бројните книжевни дела го создаде и романот "Црквичето четириесет маченици во Битола". Тоа црквиче со години стаменееше високо над Смилевскиот баир, но писателот го оживеа, му даде душа. Исто како што му даде душа на иреалното и реалното од ова поднебје во сите негови објави, што ги реставрира загубени во времето Хераклејскиот и Битолскиот мозаик.

Но душа на неговите објави, на неговиот книжевен опус, на сé што создал Владимир Костов и сé што е напишано и каде е напишано му вдахнаа и трите виши библиотекарки возљубени во божицата книга и нејзиниот храм - библиотеката: Цветанка Дамјановска, Лена Секуловска и Јоланда Бошевска со нивниот скапоцен труд "Персоналната библиографија за



Владимир Костов".
И, ако во книгите на овој наш писател е скриено сето волшебство на зборот, во оваа "Библиографија" е скриено неимарството на македонското библиотекарство, педантството и естетиката, меморијата сé да се отргне од заборавот. Оваа, со голема стручност напишана "Библиографија" ми заликува на стара манастирска книга во која трите авторки како да сакале низ иконопис на зборот да изградат уште едно црквиче во Битола, но не посветено на четириесетте маченици туку на четириесет и првиот - Владимир Костов. И, не како на светец, туку како на писател.

Идејата на издавачот Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола и на самите автори да се изготви ова дело произлезе од јубилејот на авторот - 70 години живот и плодно творештво. Во неа се вклучени монографски публикации, статии и прилози, сведоштва за неговото дело и значење, како и застапеноста во македонската научна литература. Статиите и прилозите се земени од македонските, југословенските и некои странски периодични и странски публикации и ракописи од писателот застапени во фондовите на МУБ. Многу фотокопии од статии објавени во разни весници, покани, фотографии од авторот и неговите дела го овековечуваат делото на Владимир Костов.

Авторите, водејќи сметка за доследната примена на библиографските стандарди, се потрудиле секоја библиографска единица во својата информативност да содржи реден број. Регистарот на автори, Библиографијата ја прави пристапна за користење за проучувачите на делото на овој наш голем современ македонски писател.

Честитки за авторите на оваа прекрасна специфична либропубликација Цветанка Дамјановска, Лена Секуловска и Јоланда Бошевска, честитки за директорката Јелена Петровска за храбриот зафат, но и убави зборови за Министерството за култура на Македонија кое финансиски го подржа овој значаен проект.

*Од промоцијата*
*ПандеМанојлов*

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ
## ОДДЕЛОТ ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

1.НА НЕБУ КАО И НА ЗЕМЉИ - Скот М. Пек
2.ПОРУКА ИЗ ВИЈЕТНАМА - Даниела Стил
3.НОВИОТ ДЕН - Антонио де Мело
4.ДАМАРИ: МУДРОСТ ИСТОКА И ЗАПАДА - Антонио де Мело
5.ИСПРИЧАЈ МИ СНОВЕ - Сидни Шелдон
6.БОГАТАШИЦА - Барбара Брадфорд
7.17 ПРАВИЛА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ - Ог Мандино
8.СВЕТСКИТЕ ЗАГОВОРИ - Џим Марс
9.3001 - КОНЕЧНА ИДЕЈА - Артур Кларк
10.СЕСТРЕ ПО КАЗНИ - Оливија Голдсмит

## ОСВРТ КОН РОМАНОТ "ДЕВОЈКАТА СО ПОРТОКАЛИ" ОД ЈУСТЕЈН ГОРДЕР



*Приредил Илче Стојановски*

Романот за Георг, петнаесетгодишното момче, чиј живот наполно се сменува откако добива писмо од татко му кое го пронашле во детската количка, всушност е писмо за неговата иднина. Таткото на Георг умрел кога момчето имало четири години. На почетокот тој како во сон се сеќава на одредени моменти и доживувања, но потполни разјаснувања добива дури при читањето на писмото.




Возбудливото и забавно писмо за мистериозната девојка со портокали што го читаме заедно со Георг, всушност е прекрасна и трогателна љубовна приказна, специфично нараторски-мајсторски сработена и креативно пренесена до читателот.

Роман за сечиј вкус кој обилува со прашања и одговори за животот и светот, кој нѐ тера на размислување, на резонирање и на барање на сопствени одговори, што значи индивидуата - читателот во случајот има активна улога и е чинител на дејствието, односно формирањето на здравата идеја во романот и сопственото пронаоѓање преку нејзиното остварување.

Преку прашањата што таткото му ги поставува на синот, Гордер и во оваа книга се занимава со вечните прашања за постанокот на светот и на човекот, за тајните на универзумот. "Девојката со портокали" е своевидна ода за животот, приказна за потрагата по вистинска љубов и за храброста во животот со која треба да ги надминуваме тешкотиите на кои наидуваме како луѓе кои имаат една

ваква благородна цел.

Ова е и поракатa и посебната вредност на овој роман, каде Гордер повторно покажува дека е мајстор на оригиналната композиција. Неговото знаење и вештина на пишување ги инспирираат читателите ширум светот да поставуваат прашања и да размислуваат за своето место во животот и светот околу нас.

## ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ...



***Кире Неделковски***, поет, роден во Битола во 1954 година. Автор на неколку збирки поезија. Член на Друштвото на писателите на Македонија.

### ОСАМЕН ПОЕТ

Невидлив
Шета
Меѓу својот народ.
Во мислите создава
Светови, градови
Стихот
Меѓу сиви Столбови
Низ ноќта чудна
Не може да ноќева
Жедта.

Патник патува
По својот поглед
До книгите
Од кои тече река
За да се напие
Три свежи голтки:
За песната
За татковината
И за Птицата
Во него
Што пее
За необични Нешта
И за Тој да стане
Видлив.

### ВРЕМЕ

Нема почеток, нема крај
Вртењето
На Нештата
Под нас и над нас
Шуплина
Лепена, сечена, додавана
Магла
Од мене, од тебе, од него
Прав.

*Од необјавените песни*

## ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ИЗЛОЖБИ, ПРОМОЦИИ, ПРЕДАВАЊА



*Приредил Драги Кабровски*

**19.04.2004 г.**
По повод **23 Април - Светскиот ден на книгата** и авторски права, МУБ "Св. Климент Охридски" од Битола, организира **Прес конференција за новинарите** со почеток во 10.00 часот во Библиотеката. На пресот директорката на Библиотеката ги информира новинарите за активностите што ќе ги организира Библиотеката. Исто така, на пресот беа презентирани комплетите на книги што Библиотеката ги подари на сите основни и средни училишта од градот, а на самиот ден се вршеше бесплатно зачленување.

**20.04.2004 г.**
Македонско-Хрватско друштво организира **Изложба на книги со хрватска** литература преведена на **македонски**

**јазик** и книги на хрватски јазик. По овој повод беа поканети Хрватското културно уметничко друштво на Битола и нашата Библиотеката која е во постојана соработка со Друштвото.

**23.04.2004 г.**

Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"од Битола во соработка со Народната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Скопје по повод Светскиот ден на книгата и авторски права - 23 Април организира промоција на “**Персоналната библиографија за Владимир Костов**", **Промоција на Избрани дела од Владимир Костов и Изложба "Владимир Костов - живот и дело**". Осврт за библиографијата даде писателот Панде Манојлов.

Промотор на Избраните дела од Костов беше академик проф. д-р Георги Старделов од Скопје Промоцијата, со почеток во 14.00 часот се одржа во големата сала за промоции на Библиотеката во присуство на голем број гости меѓу кои и министерот за култура на Р. Македонија Благој Стефановски, неговото високо преосвештенство Г-дин Г-дин Петар и директорот на НУУБ Борко Зафировски.

На промоцијата беше прочитана и





пораката за Светскиот ден на книгата од директорот на УНЕСКО, а исто така, беше прочитана и македонската порака за Светскиот ден на книгата од писателот Гоце Смилевски.



**13.05.2004 г.**

700 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ФРАНЧЕСКО ПЕТРАРКА

По повод јубилејот - 7оо години од раѓањето на Франческо Петрарка, Библиотеката во соработка со Здружението за македонско италијанско пријателство од Битола на ден 13.05.2004 г. (четврток) со почеток во 12.00 часот организираа Литературно предавање на книжевникот и универзитетски професор Георги Сталев на тема: **"Петрарка и неговото време"**, исто така, беше поставена и Изложба на изданијата од Петрарка и други автори од неговото време..



**26.05.2004 г.**

**НАУЧНО ПРЕДАВАЊЕ**

МУБ во соработка со Македонското научно друштво од Битола организираја научно предавање на тема: **"Паразити во рибите од Бајкалското езеро"** од **д-р**

**Олга Тимофеевна** - Русинек од Лимнолошки институт при Сибирското одделение на Руската акдемија на науките, Русија -Иркуцк.



**27.05.2004 г.**

**ПРОМОЦИЈА НА ДВЕ КНИГИ НА НИКОЛА КОЧОВСКИ**

Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"од Битола на ден 27.05.2004 г. организира Промоција на книгите : "Нов Бран"и "Јаве и сништа" од писателот Никола Кочовски од Битола долгогодишен член на Друштвото на писатели на Македонија. Промотор на книгите беше писателот Петре Димовски. На промоцијата присутни беа и издавачите: "Култура" - Скопје претставувана од главниот уредник г-дин Глигор Стојковски и "Матица Македонска"- Скопје, претставувана од директорот г-дин Раде Силјан .

**28.05.2004 г.**

**ГРУПНА ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ОД ТЕТОВО**





При посетата на библиотекарите од Тетова им беа претставени сите Оддели во библиотеката. Исто така, тие го посетија и Саемот.

**Од 26.05 до 30.05.2004 г.**

**САЕМ НА КНИГАТА - БИТОЛА 2004**

МУБ "Св. Климент Охридски"од Битола во соработка со Здружението на издавачите на Македонија, за прв пат во Битола организира **Саем на книгата - Битола 2004** под покровителство на Министерството за култура на Р. Македонија. Саемот на книгата промотивно беше отворен во изложбениот салон на Центарот за култура, во 20.00 часот и истиот траеше од 26.05 до 30.05.2004 г. На оваа саемска манифестација учество зедоа околу триесет македонски издавачи.



## ЗА ПРВ ПАТ ВО БИТОЛА САЕМ НА КНИГАТА



*Приредил Ричард Иванишевиќ*

Првиот Саем на книгата, лоциран во Центарот за култура во Битола, а во организација на МУБ "Св. Климент Охридски" и Здружението на македонските издавачи, потпомогнато од Министерството за култура на Р. Македонија, се одржуваше од 26-ти до 30-ти мај. Поводот произлезе од мотивацијата-читателскиот и библиофилскиот аудиторум од градот и југозападниот регион да се запознае со македонските издавачи со нивните најнови изданија од македонската и странска книгопродукција.



Изненадени и задоволни беа и организаторите, и издавачите и посетителите на Саемот. Како општ и траен впечаток стои и постои констатацијата дека вљубениците на книгата со восхит секојдневно меѓу 10 и 21 часот, индивидуално и групно, ги посетуваа штандовите на Матица Македонска, Култура, Топер, Слово, Просветно дело, Мартина, Феникс, Алеф, Артерос,










Кинотека на Македонија, Логос - А, Штрк, Арлекин - ГФ, Три, Магор, и др. Евидентно-успешен, ефектен и ефикасен начин на еден простор љубителите на книгата да разгледуваат и да избираат која книга ќе ја збогати нивната домашна колекција.









Саемот беше посетен од стотици посетители кои се интересираа за македонската и светската белетристика, комплети книги, лектирни едиции, посебно речници за компјутери, енциклопедии и атласи, монографии за ремек-делата за нашето и странско културно-историско наследство, стручна литература од сите области, како и религиозните дела: Библијата, Куранот, Талмудот, Будизмот и сл.







Ако се мислеше дека во градот изумира потребата за книгата, Саемот покажа дека интересот на љубителите на книгата не е намален и покрај нивните скромни финансиски можности.

Неподелено е мислењето кај сите посетители дека ваква презентација и вакво внимание на книгата, која таа го заслужува, е она што му фалеше на градот со повеќевековна културна традиција.



На отворањето на манифестацијата, министерот за култура г-дин Благоја Стефановски ќе истакне: ´со отворањето на Саемот на книгата во Битола се отвараат нови можности за пишаниот збор, за вљубениците на пишаниот збор. Оваа благородна манифестација, во богатиот културен живот што го краси нашиот град, беше кариката што недостасува на синџирот на културните манифестации.´ Откако им се заблагодари на 30-те издавачи и Организаторот, министерот изрази увереност дека Саемот во Битола ќе доживее повеќе изданија.

Сепак, севкупниот товар на организациските активности падна врз Матичната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола, односно врз носителот на проектот **Науме**



**Ѓоргиевски**, виш библиотекар и неколкумината соработници и колеги кои требаше да проектираат и направат повеќе нови паноа како и да ги пренесат заедно со другиот неопходен инвентар за излагање на книгите на местото на одржување на саемот.



## ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ ПРИ МУБ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ



*Приредила Стеванка Петковска*

1.ТРОЈЦА НА ОСТРОВОТ - Виталиј Губарев
2.ЗБОРОФОН ТАР - 11 - Велко Неделковски
3.ВЕТЕР ВО ГРАДИТЕ - Ѓорѓија Најдовски
4.ПО ТРАГИТЕ НА БРОДСКИОТ ДНЕВНИК- Миливој Матошец
5.САМА - Горјан Петревски
6.СИБИРКА - Лидија Чарскаја
7.СУДБОНОСНА ОДЛУКА - Елизабета Арсова
8.ПАТУВАЊЕ ВО ТАЦЕТАКОМО - Томе Арсовски
9.ПРОЛЕТ ЗАД МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ - Томе Арсовски
10.ВРЕМЕТО НА ЦРВЕНИТЕ РОЗИ - Видое Видически

## БИБЛИОТЕКАТА - ХРАМ НА ДЕТСКАТА ЉУБОВ

*Приредила Стеванка Петковска*

Книгата е одмор помеѓу детските игри и палавштини. Ако чоколадото е омилено меѓу децата, книгата е уште поомилена затоа што го облагородува духот на детето. Бабите и дедовците ги заспиваат нивните внуци со бајки, сказни и приказни. Благодарение на својата фантазија децата се восхитуваат од волшепствата на јунаците. Првите букви и сликовниците се средство преку кое децата за првпат се запознаваат со природата и со јунаците од омилените приказни. Ова се првите моменти кои предизвикуваат кај децата љубов кон природата, растенијата, животните и човекот.

Книгата ја бранува детската душа, а библиотеките со најразновидните сликовници, книги, лексикони, енциклопедии и списанија ги продлабочува нивните чувства и ги отвара детските видици. Затоа за книгата се вели дека е најверен другар на човекот од најраната возраст па се до крајот на животот, а за библиотеката дека е храм на детската љубов.

Преку царството на волшебниците, принцовите и принцезите ги води децата до тајните на животот на возрасните. Следејќи го примерот на странските детски библиотеки, Детската библиотека во НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола го збогатува книжниот фонд со најновите трендови на детската литература како што се Сказните за добра ноќ, Приказните за земјата Македонија, 12 златни бајки, Разиграни и весели итн. , како и со нови форми и формати до џиновски сликовници од познати бајки и приказни збогатени со современи илустрации.

## ПОВОД ЗА СРЕДБА СО



## КИРИЛ ТЕМКОВ

**Пред да ни кажете нешто повеќе околу Вашата професионална ангажираност, би сакале да слушнеме нешто за книгата во Вашиот живот?**

-Цел живот сум бил љубител на книгата. Прво, јас сум најголем љубител на книгата лично за себе. Второ, уште од детството, собирам книги, чувам и имам огромна библиотека и тоа е моето најголемо благо што го имам.

**Дали имате некоја најомилена книга?**

-Не можам да одговорам на ова прашање. Тамара Арсовска ме праша која книга најмногу ме обликувала и од кого најмногу сум научил. Почнав да размислувам и напишав двеста страници за тоа. И реков: не можам да ти одговорам на тоа.

**Дали имате некои книги во спалната соба?**

-Да, но јас постојано ги менувам. Сега ја зедов повторно да ја читам "Икона и секира". Книгата која подолго време стоеше кај мене да ме радува беше "Добриот војник Швејк". Многу ја сакав и секоја година ја читав по два пати.

**Вие сте долгогодишен професор на Филозофскиот факултет. Кои предмети ги предавате?**

-Предавам етика, естетика и фило-

зофија на менаџерството. Тоа се три практични дисциплини: етика на моралот, естетика на творештвото и економика на заработувачката.

**Повеќе пати сум прочитал во дневниот печат како барате и ревносно повикувате да се воведе етика во образованието?**

-Да, многу се борам. Така е во светот. Јас сакам да бидам модерен. Образованието мора да биде модерно. Професорите мораат да бидат модерни и да го прават она што е најмодерно. Пред дваесет години етиката не беше модерна. Дотогаш, сé уште, централен проблем на човештвото беше слободата - индивидуална, групна и општочовечка слобода. Денес, биоетиката е главна дисциплина



по прашањето за спас на животот на луѓето, животните и растенијата, за спас на природата и воопшто Земјата. Таа повикува на чување од правење на лоши дела врз биолошка основа, здравјето и од валканост во животот, омразата, зависта, љубомората, кавгата плус повикува на потребата науката да биде со грижа за човекот, а не таа да се воодушевува на микроскопите и моќта да делува врз клетката. Човештвото се загрозува од многу дејства како што се атомската енергија и хемиските препарати. Исто така, тоа е исплашено. Затоа целата оваа сфера е ставена под етиката која треба да го подготви човекот да биде зрел и да се соочи со проблемите.

Денес, не се работи за морално воспитување во кое децата ќе ги научиме како да бидат морални според нашите сознанија. Треба да ги научиме што е тоа морал и етика воопшто за кога ќе бидат соочени со нивните проблеми да знаат како да одговорат на истите. Денес, етиката не е наука за доблеста - да достигнеме височина. Таа денес е наука за опстанокот. Ако не направиме морал, човештвото ќе умре.

**Дали сме подготвени за таков морал?**

-Апсолутно. Цел свет прави универзална етика. Се бори за биоетиката, за екологијата. Кога само пред петнаесет години ќе речев дека сум професор по етика сите се смееја - велеа тој е како поп. Филозофот не може без етика, но тоа е застарено. Анри Гијон кажуваше дека треба да се создаде морал без обврски и санкции. Во теоријата за слободата стои дека треба да ја правиме слободата. Слободата во односите меѓу луѓето доведе до конфликти. Слободата во економските односи доведе до нова експлоатација. Слободата во сексуалните односи доведе до најголеми стравови заради болестите. Затоа човекот мора да се врати на доблеста, чесноста, сериозноста, умереноста, да внимава што прави, да љуби, да дава, помага итн.

**Дали има разлика помеѓу европската и источната етика?**

-Нема. Денес, се прави универзална етика. Следниот пат ќе ви зборувам за тоа. Тоа е една нова тема. Универзалната етика се прави од сите човечки вредности. Париз е центарот на правење на таа етика. Главните вредности се од Истокот: мир, ненасилство, разбирање. Утре, во Старт ќе излезе етиката на Буда. Досега имам 37 текстови за етиката. Денес секое семејство има свој морал. Кога УНЕСКО прави етика, прави универзална етика за нашите деца да имаат еднаков морал.

**Пред скоро време Вие одржавте предавање за етиката во учењето за уни-**

**верзална религија на индискиот и светскиот духовен учител Сатја Саи Баба .**

-Да. Таму објаснив што тој сака. Тој е носител на таа универзална идеја. Денес, сите религии се во екуменска фаза. Сакаат да се поврзат. Постои Светскиот парламент на религии основан уште од 1895 година. Постои декларација за универзална етика, луѓето да се научат да бидат заедно, да прават сé заедно. Да не се навредуваат.

**Колку е реална етиката во учењето на Саи Баба?**

-Тој го има еден од најинтересните етички системи во светот. Љубов, мир, ненасилство, вистина и правење добро. Тој има етика за правење добро и помагање. Таа се разработува на ниво на деца до 6, 9 и 12 години, како што и јас имам - Етика за млади (15-16 години) потоа за деца до 12 години и до 8 години. Во моментот, работиме експериментално со деца до 7 години во Скопје. Учат за прв пат етика. Перцепција на етички теми. Само после десет дена тие се поинакви.

**А што со тоа дека Саи Баба не е православен?**

-Без оглед што кога би бил повикан можам да зборувам за етиката во образованието на Саи Баба, зашто неговата идеја содржи и други учења, јас лично се борам за свети Климент Охридски да биде наша основа. Неговата основна мисла била ´тргај се од злото и прави добро´. Во насока на одбрана на неговата етика имам одржано 15 предавања. Покрај тоа, не е само Саи Баба етичар. Мајка Тереза е етичар. Павле Втори и Далај Лама се по струка етичари.

**Кажете ни нешто за библиотеките?**

-Библиотеката не е само магацин за книги, туку таа е главното место на човечкиот дух. Имаме две до три цивилизации, а посебно во Европа, францускатa и англосаксонската за кои не се знае точно зошто предничат во светот и зашто се први. Тоа доаѓа оттаму што имаат големи и стари библиотеки.



Тие не ги кријат библиотеките туку тајната е во библиотеките. Не дека таму се станува умен, туку тоа е човечкото издигнување на највисоко ниво. Тие се највисок храм на човечката хуманост. Театрите, училиштата и местата за игра се исто така важни, но главни се библиотеките.

**Уште поглавно е искуството?**

-Не, не, библиотеките се поглавни. Во библиотеките е сконцентрирано искуството. Кога човекот учи од своето искуство, тој страда или е будала. Човекот треба да учи на туѓото искуство, а книгите го овозможуваат тоа.

**Ако целокупното знаење е во книгата, дали човекот може да се просветли само преку читање на книги?**

-Апсолутно. Човек само со читање и може да се просветли. Без читање не се просветлува. Без читање може да оди само надолу. Сега книгата е модерна. Професорите се живи книги. Идеите ги носат со себе и со своето знаење и вештина ги препорачуваат идеите. Во математиката не се учат бројките, туку се учи идејата за бројките. Во образованието за здравјето не се учи здравјето туку идејата за здравјето. Професорите, или се носители на идеите, или ги препорачуваат книгите за понатаму затоа што идејата може да испари. Знаењето кое не е добиено низ свои очи, низ своја љубов без книгата се губи.

**Како може нашата Библиотека да делува етички?**

-Да препорачувате детски книги, да издавате мисли и да пишувате.

**Сега да се вратиме на еден бистар филозофски ум - Ниче. Кој бил тој? Од каде таа сила кај него да сака да ги научи филозофите и воспитувачите како да воспитуваат?**

-Ниче бил многу умен човек - не заборавете! Тоа момче е едно од најретките во Европа кому му е признат докторат без да го направи. Тој бил толку учено момче што Универзитетот во Базел го поканил и му признал докторат затоа што толку убаво пишувал. Уште на 25 години станал професор по грчки јазик, за подоцна да почне да пишува вредни филозофски книги. Ниче е храбар културен борец а кажува дрско и критички, не секогаш навредливо, зашто дрскоста во културата не секогаш се смета за навредлива. Тој не препорачувал идеја за книги туку создавање на книги. Неговото последно дело се вика ЕССЕ НОМО. Јас го преведив на македонски. Тоа е приказна како пишувал книги, велејќи дека тоа произлегува од неговата внатрешна чистота, односно мудрост. Својот живот го разбирал како пишување на книги.

**Што би рекле денес заљубените во електронските текстови. Дали тие можат да бидат толку силни како книгите?**

-Денес, модерната комуникација е изменета, имаме електронска комуникација, побрза итн. , но сепак тоа е комуникација на видливи зборови. Книгата на почетокот била на свитоци, па потоа печатена, а сега зборовите се на Интернет - цивилизација на слики. Се сметаше дека ќе се изгуби острината на интелектуалноста добиена преку зборовите во книгите. Пред четириесет години Маршал Меклуан (Marshal McLuhan), канадски филозоф и културолог го опишал тоа, а денес се покажува дека не е точно. Тоа што велел дека ќе дојде време кога ќе има рок музика каде ќе се избришат зборовите не дојде затоа што рок музиката ги дава и зборовите покрај песната токму заради постигнување на подобар квалитет. Кинезите и покрај сложеноста во нивното пишување пишуваат поезија и ја пеат.

**Дали постои јаз помеѓу книгата и електрониката?**

-Нема јаз. Електрониката е брза размена на мисли и пораки која е нејзината суштина. Таа има и ликовен елемент - видео елемент, но таа сé уште е комуникација на зборови. Бил Гејтс е меродавен за оваа сфера. Тој е создавател на големиот ум. На прашањето колку човештвото постигнало во електрониката, тој одговорил дека "ние сме уште во камено доба", додека на прашањето за учителите и учењето рекол дека ´учителите ќе останат, бидејќи интелектуалноста на зрелите и на вештите луѓе им е потребна на младите кои треба да ги користат материјалите преку електрониката.



*Разговорот го водеа Николче Вељановски и Јелена Петровска*

## СВЕТСКИ ЈУБИЛЕЈ : Франческо Петрарка (1304 - 1374) "КАНЦОНИЕРОТ" -Легендата за Лаура

*Приредил Ричард Иванишевиќ*

Ренесансниот гениј, хуманизмот на харизмата што ја поседува поетската страст, поезијата на Петрарка и стилот на стела - поетика, поетскиот мит и култпетраркизмот веќе седум столетија ненадминливо се вткал во светската литература. Сите вистински светски поети, поетоестети и поетофили се вдахновуваат и восхитуваат на дарбата на духот, душата, емоциите и имагинациите што ги создаде за монд - поезијата, ремек - делото на Поетскиот Глобус.



Роден во Арецо, по протерувањето на папата од Ватикан во францускиот град Авињон, фамилијата на Петрарка се сели заедно со Понтифексот и папските приврзаници во новата папска претстолнина Авињон каде Франческо Петрарка ќе го мине детството и раната младост. Она што е пресудно: "Анно Домини" 1327 година, во авињонската црква " Св. Клара" по мисата ја доживува мистеријата - случајната средба со Лаура. Засекогаш ќе остане тајна волшебното мигновение : Пресретнувањето и вкрстувањето на погледите, мечтателните чувства меѓу глетката на поетските зеници вперени кон очите на Лаура во кои блесна светлост, милност и нежно - божански бесценет лик налик на муренско стакло " Милле фиори "!!!

Сé е загадочно и непознато за тие неколку мигови по кои се разминаа и можеби повеќе никогаш не се видоа, но незаборавот, безвременоста, вонвременоста - вечно ќе се всадат во поетовата психа. Ликот на Лаура е поетско огледало, во кое секогаш ќе ја гледа, опседнат од опојството и сладострасноста на платонската љубов, која ќе ја овековечи во поетскиот прстен, лебедовата стиховна круна, од канцони, сонети, сестини, мадригали. "Канцониерот" таа чудесна поезија дарувана за ламентната, лавиринтаната, лауреатна поетска Дона - Мадона Лаура... За Франческо таа е амајлија, реликвија, визија на реминисценција, грација, физиономија на фантазија за Гениј. Азурни, лазурни стихови од принцот - Поет кон принцезата за поезијата - Лаура. Во хронологијата и биографијата на Петрарка: многу напишани книги, дипломатски, ренесансни и хуманистички мисии, во Париз, низ разединетата родна Италија, Рим, Фиренца, Падова, Болоња, Венеција... Анали на личност прогонувана и опкружена со мецени, папата Клемент Шести, Роберт Анжујски, Колона ... Истовремено омилен и омразен. Како мал го видел Данте, бил пријател со Бокачо, римскиот поетски лауреат.

Уште во негово време, па се до денешен ден, славен и обожуван, посебно во високата ренесанса. Низа женски ликови и фигури меѓу сликарите кои се мотивирани од пиететноста на Лаура, со мањификантноста, мистериозноста, сензибилноста, суптилноста, спиритуалноста опеани во "Канцониерот" (кај Леонардод, Бокачо, Рафаел, Тицијан, Џорџоне Караваџо, Кораџо, Филипо Липи, фра Анџелико...)

Влијаел врз сонетите на Шекспир, Ронсар. Преведуван на сите јазици во светот. Во Македонија, читан и омилен, застапен во лектири, на романската фолологија на филозофскиот факултет, како и на студиите по светска книжевност. Баран и присутен во приватните библиотеки, ученички и универзитетски и сите храмови на книгата.

Тоа го заслужуваат само ремек - делата , како што е "Канцониерот", една од најчитаните книги, на планетата, во чии стихови вечно беа, останаа и ќе бидат Франческо Петрарка од Арецо и Лаура од Авињон - бесмртни!!!

За афирмацијата и приближувањето на значењето и вредноста на "Канцониерот" меѓу македонската читателска публика, исклучителни заслуги има истакнатиот книжевник - професор Георги Сталев, со многубројните студии, есеи, предговори и поговори, толкувања...Едитирани се повеќе изданија чиј целосен ерудитен труд е негов.

## КУЛТУРА... БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ



# МИСЛИ ЗА МУДРОСТА

Стравот од Господ е почетокот на мудроста.

*Од Библијата*

Ако не се стремиш кон мудроста таа нема да те најде.

*Еврејска поговорка*

Мудроста се стекнува со учење низ страдање.

*Аристотел*

Непогрешен белег за мудрост е да го согледаш чудото во секојдневието.

*Емерсон*

Богатството кај мудриот робува, кај глупиот господарува.

*Сенека*

Ако ги познаваш луѓето - умен си. Ако се познаваш себеси - мудар си.

*Лао-Це*

Глупакот не го гледа дрвото исто како што го гледа мудрецот.

*Вилијам Блејк*

Глупавиот трча по задоволствата во животот и бидува измамен; мудриот ги избегнува пакостите.

*Шопенхауер*

Да го победиш стравот, е начелото на мудроста.

*Бертранд Расел*

Животот е празник само за мудрите.

*Емерсон*

За мудреците нема зло, нема ни добро - сé е љубов .

*Петар Д'нов*

Изгледаш мудро. Погрижи се да ја поправиш таа грешка.

*Чарлс Лам*

Вистинската мудрост никнува во нас, кога ќе осознаеме колку малку разбираме од животот и околниот свет.

*Сократ*

Мудрец го нарекуваме оној, над кого ништо нема власт, најмалку задоволството.

*Сенека*

Мудреците од сите времиња секогаш тврделе едно исто, а глупаците, т.е. огромното мнозинство секогаш правеле едно исто- и тоа токму спротивното.

*Шопенхауер*